Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.08.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година**

1.**Се објавува: Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година бр.09-1045/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 04.08.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1050/1
04.08.2017 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009 , 47/2011 и 192/2015) Советот на општина Кратово на 50-тата седница одржана на 04.08.2017 година донесе:

## О Д Л У К А
**за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година**

**1.Општ дел**

**Член 1**

Во Буџетот на Општината Кратово за 2017 година се вршат следните измени:

| | **БУЏЕТ** | **РЕБАЛАНС** |
|---|---|---|
| **I. ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **177.046.469** | **178.626.152** |
| Даночни приходи | 11.635.000 | 11.635.000 |
| Неданочни приходи | 7.860.000 | 7.860.000 |
| Капитални приходи | 8.120.000 | 8.120.000 |
| Приходи од дотации | 86.769.069 | 86.769.069 |
| Приходи од трансфери | 52.622.400 | 54.242.083 |
| Приходи од донации | 10.000.000 | 10.000.000 |
| **II. ВКУПНИ РАСХОДИ** | **187.046.469** | **190.026.152** |
| Од утврдени намени | 186.846.469 | 189.826.152 |
| Расходи од резерви | 200.000 | 200.000 |
| **III. ДЕФИЦИТ** | **-10.000.000** | **-11.400.000** |
| **IV. ФИНАНСИРАЊЕ** | **10.000.000** | **11.400.000** |
| **Прилив** | **10.000.000** | **11.400.000** |
| Домашни задолжувања | 10.0000.000 | 11.400.000 |
| Странски заеми | 0 | 0 |
| **Одлив** | | |
| Отплата на главница | 0 | 0 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи во колоната ребаланс и тоа како што следува:

**Член 3**

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општината Кратово за 2017 година влегуваат во сила со денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Кратово" и истите стануваат составен дел на Буџетот на Општината за 2017 година.

09-1045/1 **Претседател**
30.06.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.08.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за вториот квартал од 2017 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за вториот квартал од 2017 година бр.09-1046/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 04.08.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1050/2 **Градоначалник**
04.08.2017 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 04.08.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за вториот квартал од 2017 година**

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за вториот квартал од 2017 година предложен од Градоначалникот на Општина Кратово, а детално опишан во Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за квартал II од 2017 година. кој е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-1046/1 **Претседател**
04.08.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.08.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање согласност за прифаќање на Договорот и овластување на градоначалникот за потпишување на Договор за спроведување на проекти за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Североисточниот плански регион во рамките на ИПА 2**

**1.Се објавува: Одлука за давање согласност за прифаќање на Договорот и овластување на градоначалникот за потпишување на Договор за спроведување на проекти за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Североисточниот плански регион во рамките на ИПА 2 бр.09-1047/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 04.08.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1050/3
04.08.2017 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 15 од Статутот на Општина Кратово ("Службен гласник на Општина Кратово" бр.6/06), Советот на Општина Кратово на седницата, одржана на 04.08.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за прифаќање на Договорот и овластување на градоначалникот за потпишување на Договор за спроведување на проекти за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Североисточниот плански регион во рамките на ИПА 2**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за прифаќање на Договорот за спроведување на проекти за воспоствување на регионален систем за управување со отпад во Североисточниот плански регион во рамките на ИПА 2.

**Член 2**

Со оваа Одлука се дава овластување на Градоначалникот да го потпише Договорот за спроведување на проекти за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Североисточниот плански регион во рамките на ИПА 2.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09-1047/1
04.08.2017 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.08.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Буџетски календар за донесување на Буџетот на Општина Кратово за 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Буџетки календар за донесување на Буџетот на Општина Кратово за 2018 година бр.09-1048/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 04.08.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1050/4
04.08.2017 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 27 став 4 и став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/2011 и 192/2015), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 04.08.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Буџетски календар за донесување на Буџетот на Општина Кратово за 2018 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на Општина Кратово го усвојува следниот Буџетски календар за донесување на Буџетот на Општина Кратово за 2018 година:

| Ред. број | носител на активност | постапка дејствие | месеци |
|---|---|---|---|
| 1. | Совет на Општина | Донесување на Буџетски календар | Јуни-Август |
| 2. | Градоначалник на Општина Кратово | Утврдува насоки за подготовка на финансиски план на корисниците | Почетокот на Октомври |
| 3. | Градоначалник на Општина Кратово | Ги доставува главните насоки до корисниците, одделенијата и општинските јавни установи | Средината на Октомври |
| 4. | Општински буџетски корисницииа | Доставуваат предлог буџетски планови | Крајот на Октомври |
| 5. | Одделение за финансиски прашања | Ги анализира предлог буџетските планови | Крајот на октомври |
| 6. | Одделение за финансиски прашања во соработка со другите одделенија и Советот на општината | Изготвува Предлог-Развојни програми | Почетокот на Ноември |
| 7. | Градоначалник на Општина Кратово | Спроведување на Јавна расправа | Средината на Ноември |
| 8. | Совет на Општина | Донесување на програмите и Нацрт Буџетот | Средината на Ноември |
| 9. | Одделение за финансиски прашања | Изготвување на Предлог Буџет | Почетокот на Декември |
| 10. | Градоначалник на Општина Кратово | Доставување на Предлог Буџетот до Советот и до корисниците | Средината на Декември |
| 11. | Совет на Општина | Усвојување на Буџетот | Крајот на Декември |

**Член 2**

Буџетскиот календар ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-1048/1 **Претседател**
04.08.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.